# Религија што ја одобрува Бог (Дел 2)

Се темели на 15. поглавје од книгата *Што навистина учи Библијата?*, достапна на jw.org/mk.

**ЦЕЛ: Преиспитај ги своите верувања и размисли на што ги темелиш. Провери што вели Библијата и дознај како би можел да им ги објасниш своите верувања на другите.**



## ДАЛИ Е ДОВОЛНО САМО ДА ВЕРУВАМЕ ДЕКА ПОСТОИ БОГ?

### 1 ПРЕИСПИТАЈ ГИ СВОИТЕ ВЕРУВАЊА

Што мислиш, зошто некои луѓе би рекле „да“?

А зошто некои би рекле „не“?

Што би рекол *ти*?

Зошто мислиш така?



www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania

## 2 ПРОВЕРИ ШТО ВЕЛИ БИБЛИЈАТА

### Мора да му служиме на Бог онака како што сака тој.

(Види го 15. поглавје од книгата *Што учи Библијата*, пасуси 15-18.)

**Прочитај Јаков 2:19.**

Како овој стих покажува дека е потребно повеќе отколку само да веруваме дека постои Бог?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**Прочитај 2. Коринќаните 6:17.**

Ако сакаме Бог да нè прими, односно да нè прифати како свои слуги, што треба да направиме ако на некој начин сме поврзани со лажната религија?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________



**Кога му служиме на Бог заедно со неговиот народ, имаме многу благослови**



www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania

## Кога му служиме на Јехова заедно со неговиот народ, добиваме многу повеќе отколку што би можеле да изгубиме.

(Види го 15. поглавје од книгата *Што учи Библијата*, пасуси 19-20.)

**Прочитај Марко 10:28-30.**

Според она што го кажал Исус, какви благослови ќе добијат неговите следбеници и сега и во иднина?

**Прочитај 2. Петрово 3:9, 13.**

Зошто е мудро да направиме сè што е потребно за да му служиме на Бог на исправен начин?

Кои убави работи си ги доживеал благодарение на тоа што му служиш на Бог заедно со неговиот народ?



www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania

## 3 ОБЈАСНИ ГИ СВОИТЕ ВЕРУВАЊА

АКО НЕКОЈ РЕЧЕ...

**Најважно е да се верува во Бог.**

БИ МОЖЕЛ ДА ОДГОВОРИШ...

**Точно, треба да веруваме дека Бог постои. Но, јас мислам дека тоа не е доволно затоа што...**

________________________________

________________________________

Кој стих би можел да му го прочиташ?

________________________________

Имајќи го на ум неговото гледиште, како би можел со овој стих да му помогнеш да дојде до исправен заклучок?

________________________________

АКО НЕКОЈ РЕЧЕ...

**Можеш да го почитуваш Бог и без да припаѓаш на некоја религија.**

БИ МОЖЕЛ ДА ОДГОВОРИШ...

**И други мислат како тебе. Но, јас мислам дека...**

________________________________

________________________________

Кој стих би можел да му го прочиташ?

________________________________

Имајќи го на ум неговото гледиште, како би можел со овој стих да му помогнеш да дојде до исправен заклучок?

________________________________



www.jw.org/mk © 2016 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania